Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 107, 15 август 2013 година

август 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област право на Европската унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област право на Европската унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област земјоделско инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област фитопатологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 30

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Системи на квалитет и стандарди“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева и коавторот м-р Сашка Голомеова од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Нега на текстил“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 40

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот Казнено право применета програма“ од д-р Олга Кошевалиска, асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Казнено право применета програма“ од д-р Олга Кошевалиска, асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 44

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис на скрипта со наслов „Молекуларна биологија со генетика“ од доц. д-р Дарко Бошнаковски, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис на практикумот со наслов „Молекуларна биологија со генетика“ од доц. д-р Дарко Бошнаковски, асс. м-р Мишко Милев и асс. м-р Марија Караколевска - Илова, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ортодонција 1“ од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 51

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за практикумот „Ортодонција 1“ од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска, Факултет за медицински науки, стоматологија,Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 54

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 56

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ КАЗНЕНО ПРАВО ПРИМЕНЕТА ПРОГРАМА“ ОД Д-Р ОЛГА КОШЕВАЛИСКА, АСИСТЕНТ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-108/46 од 2.7.2013 год., Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на својата редовна седница, одржана на 2.7.2013 год., ги избра рецензентите:

– насловен вон. проф. д-р Тодор Витларов – насловен вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип,
– насловен доц. д-р Лазар Нанев – насловен доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, со задача да изготват и достават писмен извештај (рецензија) на

„СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ КАЗНЕНО ПРАВО – ПРИМЕНЕТА ПРОГРАМА“ од д-р Олга Кошевалиска, асистент на Правниот факултет.

Комисијата во горенаведениот состав направи детална анализа и преглед на „СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ КАЗНЕНО ПРАВО – ПРИМЕНЕТА ПРОГРАМА“ и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

„СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ КАЗНЕНО ПРАВО – ПРИМЕНЕТА ПРОГРАМА“ е од областа на казнено право. Составена е од два дела – прв дел кој се однесува на поимот кривично дело и основите за исклучување на противправноста: дело од мало значење, нужна одбрана и крајна нужда, понатаму подготвување и обид за кривично дело и стек на кривични дела, продолжено кривично дело и начин, место и време на извршување на кривичните дела. Вториот дел се однесува на кривичната одговорност и се однесува општо на кривичната одоговорност, понатаму умисла, небрежност, заблуда, учество на повеќе лица во извршување на кривичното дело (соизвршителство, поттикнување и помагање).

Во скриптата се содржани вежби коишто во основа ќе го олеснат совладувањето на оваа проблематика.

Основниот текст на скриптата содржи поглавја кои кореспондираат со Наставниот план и програма на Правниот факултет на сите насоките на кои се изучува предметот. Предметот за којшто е наменет скриптата се слуша во четврта година во седми семестар на Правосудна насока, со неделен фонд од 3 + 2 + 2 со 8 кредити.

Во првиот дел од скриптата, поделена на десет тематски единици, авторот ги дава законските одредби од Кривичниот закон, нивно теоретско елаборирање и примери - задачи кои ќе му помогнат на студентот полесно да го совлада теоретскиот концепт. Првиот дел се однесува на помот на кривично дело, при што авторот јасно ги дава основните елементи на поимот кривично дело, како и основите за исклучување на противправноста елеборирајќи ги институтите дело од мало значење, нужна одбрана и крајна нужда. Понатаму, авторот ги елаборира поимите на подготвување и обид за кривично дело, јасно одвојувајќи кои дејствија се подготвителни, а кои дејствија преминуваат во започнување на извршување на кривичното дело. Во првиот дел е прикажан и институтот стек на кривични дела. Последните тематски единици од првиот дел е однесуваат на начинот, времето и местото на извршување на кривичното дело, а согласно на ова и важењето на Кривичниот законик на РМ согласно со местото на извршување на кривичното дело.

Во вториот дел авторот пристапува кон презентирање и запознавање на студентите со поимот на кривична одговорност на сторителот. Овој дел се состои од седум тематски единици. Авторот прво го објаснува поимот на кривична одговорност, како и основите за исклучување на кривичната одговорност. Преку примери – задачи авторот се обидува да

им овозможи на студентите полесено да го совладаат поимот на пресметливост. Наредните тематски единици се однесуваат на умислата и небрежност, при што авторот на концизен начин ги појаснува посебните видови на умисла, како и јасно го одвојува поимот на свесната од несвесна небрежност. Во контест на ова следуваат тематски единици кои се однесуваат на заблудата и нејзините видови – стварна и правна заблуда. Последните тематски единици од скриптата се однесуваат на учеството на повеќе лица во извршувањето на кривично дело, каде што авторот ги елаборира соучесништвото, поттикннувањето и помагањето при извршување на кривично дело.

Во суштина, правилната употреба на оваа скрипта придонесува кон совладувањето на теоретските и практичните аспекти на оваа проблематика. Врз база на оваа материја, студентите би создале една поцелосна претстава за суштината на проблематиката од областа на казненото право, оспособувајќи се да навлезат во анализа и елаборација на најбитните сегменти на казненото право.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Материјалот анализиран и елабориран во „СКРИПТАТА ПО ПРЕДМЕТОТ КАЗНЕНО ПРАВО ПРИМЕНЕТА ПРОГРАМА“ ги задоволува потребите на Наставниот план и програма од **општиот дел** по предметот Казнено право – применета програма.

Според начинот на елаборирање на материјата, ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на скрипта, поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите на Правниот факултет во совладувањето на предметот Казнено право – применета програма.

Авторот успеал на сумарен и прецизен начин да ја презентира материјата што е предмет на изучување на општиот дел на казненото право. Без да навлегува во детали, тој успеал да го издвои битното од помалку битното што во основа е целта на оваа скрипта како учебно помагало.

Земајќи го сето ова предвид, на мислење сме дека овој материјал ги исполнува сите стандарди на **„СКРИПТА ПО ПРЕДМЕТОТ КАЗНЕНО ПРАВО ПРИМЕНЕТА ПРОГРАМА“** предвидена според програмата за студентите од четврта година на Правниот факултет.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Тодор Витларов, насловен вонреден професор, с.р.**
**Д-р Лазар Нанев,насловен доцент, с.р**